Финансирано од
Европска Унија

Reform
Monitor

# Следење реформи и раст во Западен Балкан

Донатор:
Европска комисија

Времетраење:
01.12.2024 - 01.12.2027



Општата цел на проектот е да им овозможи на граѓанските организации (ГО) во Западниот Балкан (ЗБ) активно да придонесат во креирање и веродостојно спроведување на реформите поврзани со четирите столба на Планот за раст за ЗБ.

## Целна(и) група(и)

- ГО во ЗБ чијашто работа ги опфаќа приоритетните области на Планот за раст;
- Социјални партнери и стопански комори;
- Национални, регионални и институции на ЕУ што се одговорни за спроведувањето на Планот за раст и вклучени во него;
- Медиуми од ЗБ и Европската унија (ЕУ).

## Крајни корисници

- Граѓанско општество;
- Национални и локални институции;
- Национални парламенти;
- Делегации на ЕУ и претставници на земји-членки;
- Академска заедница;
- Граѓани и бизниси.

TEN Think for Europe Network
European Policy Institute. Skopje
European Policy Centre
institut alternativa
IDM Institute for Democracy and Mediation
Transparency International Bosnia and Herzegovina
Group for Legal and Political Studies

## Специфичните цели на овој проект се:

## Очекувани резултати

### СЦ1.

Да се развијат и да се применат инструменти што се базирани на докази и се предводени од ГО, за следење на економски реформи поврзани со процесот на пристапување во ЕУ и стратешки инфраструктурни проекти финансирани од ЕУ.

- О1.1. Развиена методологија и истражувачки алатки за следење на спроведувањето на Планот за раст и Реформските агенди на ЗБ;
- О1.2. Шест национални извештаи и еден регионален извештај за спроведувањето на Реформските агенди во ЗБ;
- О1.3. Национални „ажурирања за Реформските агенди“ што го означуваат нивото на спроведување на реформите во приоритетните области;
- О1.4. Шест национални извештаи и еден регионален извештај за спроведувањето на стратешките инвестиции поддржани од Инвестициската рамка за ЗБ (WBIF);
- О1.5. Шест национални и едно регионално „ажурирање проекти во рамките на Инвестициската рамка за ЗБ (WBIF)“;
- О1.6. Еден регионален извештај за „Механизмот за условеност на ЕУ во Планот за раст на ЗБ“;
- О1.7. Интернет-страница за седење реформи и раст.

### СЦ2.

Да се воспостави дијалог со повеќе засегнати страни предводен од ГО за спроведувањето на структурни реформи на национално и на регионално ниво.

- О2.1. Потпишани меморандуми за соработка во најмалку четири земји, со институции што ја координираат Реформската агенда;
- О2.2. Воспоставени, зајакнати и промовирани механизми за консултации со повеќе засегнати страни на национално ниво за Планот за раст;
- О2.3. Записници од состаноци за дијалогот и консултациите помеѓу Владата и ГО;
- О2.4. Наоди од следење и препораки за политики за спроведувањето на Планот за раст, со консултации на национално и на регионално ниво;
- О2.5. Креаторите на политики и институциите за спроведување се информирани за идентификуваните недостатоци во спроведувањето на Планот за раст преку лично застапување;
- О2.6. Регионална конференција за Планот за раст на ЗБ;
- О2.7. Идентификувани и промовирани најдобри практики за ангажманот на Владата и ГО во економските реформи, преку подготовка и објавување водичи за граѓанско учество во реформите поврзани со ЕУ.

### СЦ3.

Зајакнување на капацитетите и ангажманот на ГО во креирањето и спроведувањето на секторски реформи преку шема за доделување грантови (регрантирање).

- О3.1. ГО се поддржани да учествуваат во развивањето и изборот на секторски реформи преку шемата за доделување грантови – „Реформи за раст“;
- О3.2. ГО се обучени за менаџирање со проекти и се менторирани за планирање за застапување и имплементација на национално ниво и на ЕУ-ниво;
- О3.3. Разменето знаење и искуство меѓу ГО што работат на теми поврзани со четирите столба на Планот за раст преку регионални онлајн-настани за вмрежување.

### СЦ4.

Зголемување на јавната свест за спроведувањето и придобивките на Планот за раст на ЗБ.

- О4.1. Предизвиците со спроведувањето на Планот за раст, вклучувајќи ја и Реформската агенда и WBIF проектите, се широкопромовирани преку кампањи на социјалните мрежи, анимирани видеа и поткаст серии;
- О4.2. Исполнувањето на реформите во ЗБ се презентирани преку видеосерии со претставници од ЕУ и од национални институции;
- О4.3. Националните медиуми редовно информираат за резултатите од следењето на проектот и консултациите помеѓу Владата и ГО.